15 Милка Стаменкоска

# Македонски Брод, Барање за пристап до информации за Закон за млади

From: [redacted]
To: stamenkoskam@yahoo.com; mak_brod@yahoo.com
Date: Monday, December 28, 2020, 01:11 PM GMT+1

| ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД | | | |
|---|---|---|---|
| ПРИМЕНО: | 11. 01. 2021 | | |
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 15 | 35/1 | | |

Почитувани,

во прилог ви испраќам барање за пристап до информации од јавен карактер од вашата општина, за неколку прашања поврзани со Законот за младинско учество и младински политики. Во прилог прикачувам скениран документ, а прашањата ги копирам и во содржината на овој мејл.

-Кои подзаконски акти ги има донесено Општината во текот на 2020/2021 година, а произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики (како на пример промена на Статут на општината) . Ве молам испратете ми ги електронска копија од актите со датум на донесување.
- Дали Општината има одредено службеник за млади врз основа на Член 23 од Законот за младинско учество и младински политики – ве молам наведете ми го името и презимето на лицето и датумот на одлуката?
- Дали општината има формирано Локален совет на млади (ЛМС)? Доколку е формиран ЛСМ, ми треба информација кој е именуван за претседател, датум на формирање на Советот, како и информација за процедурата со која бил формиран ЛМС.
- Дали во буџетот на Општината за 2021 година е одвоен законскиот 0,1% одреден во Законот за младинско учество и младиски политики. Ве молам наведете ми која е одвоената сума и под која ставка на општинскиот буџет?

Слободно побарајте ме доколку се потребни дополнителни појаснувања. Одговорот го очекувам на овој мејл.

Со почит,

[redacted]

Ре Одделение за финансирање на здруженија на граѓани